РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-4412/2

01-08-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 72-та седница одржана на 29.07.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-4412/1 од 03.05.2022 година, против ---------------------------------------- директор на ------------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Предметот со број 12-4412/1 од 03.05.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 03.05.2022 година, поднесена е пријава против -------------------------- - директор на ------------------------------------------ и оформен е предмет број 12-4412/1 од 03.05.2022 година.

Во пријавата од страна на подносителот се бара да се проверат сите деловни книги и списи на ------------------------------------------------ каде се води евиденција на поднесените пријави под основата „анонимка", да се утврди што е преземено по тие пријави од нивна страна, дали е известен обвинител за исходот од тие постапки и како е архивиран предметот со само една службена белешка. Понатаму, подносителот бара да се проверат сите предмети каде ----------------------------------------------- констатира дека е известен јавен обвинител и дека по налог на обвинител е затворен предмет дали воопшто постои заведено такво известување во деловните книги на обвинителството и дали воопшто постои таков податок дека ------------------------------------------------------- се обратила и побарала мислење од обвинителството за конкретните предмети, а ваквото барање се упатува за сите предмети

од првиот завршен мандат и сега како вршител на должност на функцијата директор на посоченото лице.

Во продолжение на пријавата се бара да се утврди дали и против правното лице ---------------- постои анонимна пријава во време на управување на посочениот директор со институцијата, што е преземено и дали управителот на правното лице бил опфатен со таа пријава и зошто тогаш директорот не постапил по службена должност како негова законска обврска. Исто така, се бара да се утврди и за правното лице ------------------------- што е преземено, што е констатирано, дали е консултиран обвинител и како е заклучен тој предмет.

Имајќи ги предвид наводите од пријавата, како и јавно објавените информации дека обвинителството веќе постапува по пријави со слични наводи против истото лице, ДКСК оцени пријавата да се достави на надлежно постапување на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Б.К.Ш.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**